Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: 15-10-2024
Pranuar:
Број: 40-9011/2

Архивски број 18-1767/2
Дата: ~~07.10.2024~~ 09.10.2024

**До**

**Влада на Република Северна Македонија**
**-Генерален секретаријат**

**Предмет: Одговор по предлог иницијатива на Фондација за интернет и општество Метаморфозис**

**Ваш број: 40-9011/1 од 25.09.2024**

Во однос на Предлог иницијативата доставена од Фондација за интернет и општество Метаморфозис за "Креирање на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво", Министерството за локална самоуправа ве информира дека процесот на дигитализација на локалните услуги е еден од приоритетите во новиот Акциски план на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација за периодот 2024-2026 година. Акцискиот план е во фаза на усвојување од страна на Владата.

Во Акцискиот план, во рамките на овој приоритет се разработени активности за дигитализација на пакет на локални услуги со опфат на сите општини, врз основа на сеопфатна анализа која што треба да биде направена до крајот на годината. Акцискиот план не предвидува посебна активност, подготовка на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво, од причина што приодот е програмски врз основа на веќе дефинирани приоритети во Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026.

**МИНИСТЕР**
**М-р Златко Перински**

Одобрил:
Државен секретар
Јулијана Павковска Боцевска

---

Подготвил
м-р Ели Чакар


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk